РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 08-596/1
12.03.2026 год. vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Општина Јегуновце, на ден 27.02.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Општина Јегуновце

1. За планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), кој го донесува Општина Јегуновце, донесе одлука дека не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Јегуновце.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Општина Јегуновце нема предвидено поголеми инвестициски проекти кои би имале значително влијание врз животната средина,

- Сите предвидени мерки, односно акции во планот водат до значително подигнување на нивото за здрава и чиста животна средина.

- Планот е на локално ниво, што значи дека е со ограничен обем
(вклучува ограничени интервенции кои немаат значително влијание врз пошироките еколошки системи),

4. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * KOMUNA E JEGUNOVCIT * ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Изработил

Марина Ѓорѓиевска